– Се сетив на една приказна од моето детство што се случи и помислив на многу други слични приказни што се случиле во моето соседство. И сфатив дека тоа кога бевме деца ни изгледаше многу нормално, а во суштина не е во ред. Тоа што се случува во филмот не ги изненадува гледачите на Балканот, но верувале или не, ги изненадува луѓето од други места што го гледале. Филмот го снимив во моето маало, од емотивни причини. Го избрав тој наслов на филмот, како реченица која кај нас внесува страв кај децата. Јас сум обожавател на неопходни дијалози во филмовите и избирам да се зборува на суптилен начин на филм и да не користам вишок реплики – вели Ристов.






Тој им упати неколку корисни пораки на идните филмаџии. Посочи дека посетувањето работилници, мастер-класови, дружењето со млади со слични интереси ќе им го покаже патот.

– Кога и да одам на работилници, секогаш ни велат дека имате камера и имате сè. Јас бев дел од „Џифони Италија" и „Џифони Македонија". Тие ми отворија врати, ме приближија до филмот. Барајте курсеви, работилници, учествувајте… Ако имате проблем да работите сами, можете да побарате помош. Многу е важно да сте опкружени со луѓе што ги интересира филмската уметност. Со луѓе со сличен интерес, ќе најдете начин да работите заедно и да се поддржувате – рече Ристов.




Активните џифонци Мартин Чичовски и Вања Тројачанец одржаа мастер-клас во кој фокус беше ставен на нивната средношколска серија „Тремор". Во неа третираат многу важни теми – насилство меѓу младите, дискриминација на ЛГБТ-лицата, силување и сл. Нивната дискусија предизвика големо внимание кај џифонци.

-Го избравме насловот „Тремор", зашто станува збор за емоција која секој лик во секоја епизода ја споделува и провејува цело време. Добро е кога може да се инспирирате од реалноста и да ја претворите во филм. Сакаме да ги убедиме луѓето да зборуваат за сите овие приказни што ги имаме. Имаме епизода и на тема силување. Со секој нов филм имате поголеми очекувања, па вообичаено кога се прават првите филмови лесно е да се изморите од целиот процес – рече Чичовски.

За младиот актер Вања Тројачанец секој нареден проект значи големо искуство.

– Ние не се плашиме од критика, веруваме во пораките што ги создаваме. Многу луѓе на наша возраст, а и повозрасни се жртви на дискриминација. Ние не се плашиме да покажеме дека има ЛГБТ-заедница во Македонија, на пример – вели Тројачанец.



Џифонци ги започнаа своите работилници. Секој со својот интерес – кон музиката, дизајнот, анимацијата, фотографијата, секој има свое место под сонцето на Џифони. Овојпат исправени пред нов предизвик, духот на Џифони да го задржиме и пренесеме на новите генерации и со јазикот на технологијата.




Публиката синоќа уживаше и во проекцијата на британската комедија „Ослепен од светлината".

Денеска на програмата продолжуваат работилниците. Мастер-клас со пренос во живо во 17 часот на фејсбук-страницата на Џифони ќе одржи Сергеј Сарчевски, студент по филмска уметност во „Вестминстер" Лондон.




Еден час подоцна ќе следува мастер-клас на млади вклучени во програмата „Докуникулци" која е дел од фестивалот „Македокс" од Скопје.

https://www.vecer.press/мастер-клас-на-леон-ристов-цифони-м/



Мастер-клас на Леон Ристов: „Цифони“ ми помогна да го најдам патот во филмската уметност

Првиот мастер-клас во рамките на „Џифони Македонија“ вчера одржа режисерот Леон Ристов, кој со својот краток филм „Ќе му се јавам на татко ти“, учествуваше и на престижниот Сараевски филмски фестивал годинава.

Тој раскажа за идејата на филмот, кој го третира врсничкото насилство.

"Се сетив на една приказна од моето детство што се случи и помислив на многу други слични приказни што се случиле во моето соседство. И сфатив дека тоа кога беевме деца ни изгледаше многу нормално, а во суштина не е во ред. Тоа што се случува во филмот не ги изненадува гледачите на Балканот, но верувале или не, ги изненадува луѓето од други места што го гледале. Филмот го снимив во моето маало, од емотивни причини. Го избрав тој наслов на филмот, како реченица која кај нас внесува страв кај децата. Јас сум обожавател на неопходни дијалози во филмовите и избирам да се зборува на суптилен начин на филм и да не користам вишок реплики", вели Ристов.

Тој им упати неколку корисни пораки на идните филмаџии. Посочи дека посетувањето работилници, мастер-класови, дружењето со млади со слични интереси ќе им го покаже патот.

"Кога и да одам на работилници, секогаш ми велат дека имате камера и имате сè. Јас бев дел од „Џифони Италија" и „Џифони Македонија". Тие ми отворија врати, ме приближија до филмот. Барајте курсеви, работилници, учествувајте. Ако имате проблем да работите сами, можете да побарате помош. Многу е важно да сте опкружени со луѓе што ги интересира филмската уметност. Со луѓе со сличен интерес, ќе најдете начин да работите заедно и да се поддржувате", рече Ристов.

Активните џифонци Мартин Чичовски и Вања Тројачанец одржаа мастер-клас во кој фокус беше ставен на нивната средношколска серија „Тремор". Во неа третираат многу важни теми – насилство меѓу младите, дискриминација на ЛГБТ-лицата, силување и сл. Нивната дискусија предизвика големо внимание кај џифонци.

"Го избравме насловот „Тремор", зашто станува збор за емоција која секој лик во секоја епизода ја споделува и провејува цело време. Добро е кога може да се инспирирате од реалноста и да ја претворите во филм. Сакаме да ги убедиме луѓето да зборуваат за сите овие приказни што ги имаме. Имаме епизода и на тема силување. Со секој нов филм имате поголеми очекувања, па вообичаено кога се прават првите филмови лесно е да се изморите од целиот процес", рече Чичовски.

За младиот актер Вања Тројачанец секој нареден проект значи големо искуство.

"Ние не се плашиме од критика, веруваме во пораките што ги создаваме. Многу луѓе на наша возраст, а и повозрасни се жртви на дискриминација. Ние не се плашиме да покажеме дека има ЛГБТ-заедница во Македонија, на пример", вели Тројачанец.

Џифонци ги започнаа своите работилници. Секој со својот интерес – кон музиката, дизајнот, анимацијата, фотографијата, секој има свое место под сонцето на Џифони.

Публиката синоќа уживаше и во проекцијата на британската комедија „Ослепен од светлината".

Денеска на програмата продолжуваат работилниците. Мастер-клас со пренос во живо во 17 часот на фејсбук-страницата на Џифони ќе одржи Сергеј Сарчевски, студент по филмска уметност во „Вестминстер" Лондон.

Еден час подоцна ќе следува мастер-клас на млади вклучени во програмата „Докуникулци" која е дел од фестивалот „Макдокс" од Скопје.

- https://24info.mk/мастер-клас-на-леон-ристов-цифони-м/
- https://pressingtv.mk/magazin/master-klas-na-leon-ristov-na-dzifoni-dobro-e-koga-moze-da-se-inspirirate-od-realnosta-i-da-ja-pretvorite-vo-film/
- https://www.kulart.mk/featured/gifoni-makedonija-2020-onlajn-masterklas-rabotlnici-a-vecerva-proekcija-nafilmot-nesovrshneno-doba-vo-kinoteka/
- https://www.slobodenpecat.mk/master-klas-na-leon-ristov-dhifoni-mi-pomogna-da-go-najdam-mojot-pat-vo-filmskata-umetnost/
- https://pressingtv.mk/magazin/master-klas-na-leon-ristov-na-dzifoni-dobro-e-koga-moze-da-se-inspirirate-od-realnosta-i-da-ja-pretvorite-vo-film/

https://www.vecer.press/голем-интерес-меѓу-младите-за-среднош/





КУЛТУРА

# Голем интерес меѓу младите за средношколската серија "Тремор" на џифонците Чичовски и Тројачанец

Од страна на **Вечер** - 29/09/2020 290

Сподели

Активните џифонци, Мартин Чичовски и Вања Тројачанец, во рамките на 8. Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија" (25 до 30 септември), викендов одржаа мастер-клас, во кој фокусот беше ставен на нивната средношколска серија „Тремор". Во неа третираат многу важни теми: насилство меѓу младите, дискриминација на ЛГБТ-лицата, силување и сл.

Нивната дискусија предизвика големо внимание кај џифонци.

„Го избравме насловот „Тремор", зашто станува збор за емоција која секој лик во секоја епизода ја споделува и провејува цело време. Добро е кога може да се инспирирате од реалноста и да ја претворите во филм. Сакаме да ги убедиме луѓето да зборуваат за сите овие приказни што ги имаме. Имаме епизода и на тема силување. Со секој нов филм имате поголеми очекувања, па вообичаено кога се прават првите филмови лесно е да се изморите од целиот процес", рече Чичовски.

За младиот актер Вања Тројачанец секој нареден проект значи големо искуство.

„Ние не се плашиме од критика, веруваме во пораките што ги создаваме. Многу луѓе на наша возраст, а и повозрасни се жртви на дискриминација. Ние не се плашиме да покажеме дека има ЛГБТ-заедница во Македонија, на пример", вели Тројачанец.

Инаку, актуелни детски и младински филмови, креативни работилници, проекции на кратки и анимирани филмови, проекции на нови остварувања од млади автори, средби со познати личности..., сето ова е дел од програмата на фестивалот „Џифони Македонија", на кој се дружат триста деца и млади од 13 земји. Најголемиот дел од програмата наменета за младите учесници се одвива онлајн, а во вечерните часови има филмски проекции во живо.

Фестивалот беше отворен Кинотеката на Македонија, со проекција на италијанскиот филм „Мојот брат брка диносауруси", кого Европската филмска академија го избра за најдобар филм за млада публика за 2020 година.






ШТОТУКУ ОБЈАВЕНО


Во Италија со коронавирус се заразени над 500 илјади луѓе
24/10/2020


На местото на трагедијата во Бејрут поставена скулптура од остатоци во...
24/10/2020


Самоубиствен напад во Кабул, најмалку 18 загинати и над 50 ранети
24/10/2020

**28.09.**

https://libertas.mk/osnovachot-na-festivalot-ifoni-eksperiens-klaudio-gubitozi-e-a-raskazhe-svo-ata-prikazna-kako-se-rodi-na-golemiot-filmski-festival-za-deca-i-mladi/

ЛИБЕРТАС


Ова ќе и помогне на простатата
Евреите одамна знаат како да се елиминира простатитисот и дисфункцијата. За ова.



# Основачот на фестивалот „Џифони експериенс“, Клаудио Губитози, ќе ја раскаже својата приказна – како се роди најголемиот филмски фестивал за деца и млади

28.09.2020 13:39 · 112 · 2 минути читање




На програмата на 8. издание на Џифони Македонија меѓународен филмски фестивал денеска ќе се одржи мастер-клас на Клаудио Губитози, основач на „Џифони Експиренс“, кој ќе одржи говори на тема „50 години Џифони: приказна за успехот“.

Тој ќе зборува за тоа како настанала идејата во мало гратче во јужна Италија да се роди најголемиот фестивал за деца и млади во светот.



Bella Online Shopping Weekend
Бесплатна достава овој викенд! Порачај онлајн и добиј брендирана маска од Bella!

Во 18 часот ќе се одржи мастер-клас на тема женски права. За сите мастер-класови е обезбеден пренос во живо на фејсбук-профилот на „Џифони Македонија“ и на дигиталната платформа youth.mk.

Во летното кино „Мирно лето“ на Кинотеката, вечер во 19 часот ќе биде прикажан францускиот документарен филм „Адолесценти“.

На третиот фестивалски ден, младите вљубеници во филмот имаа можност да сведочат на искуството на Сергеј Сарчевски, студент во трета година на Факултетот за филм во Вестминстер, Лондон. Тој им сподели како го одбрал патот на филмската уметност, посочувајќи им на младите дека е важно да се осмелуваат.

-Почнав да снимам кратки смешни видеа на „Фејсбук“ и така ја открив љубовта кон филмот. Мојот прв филм го снимив со мобилен телефон и го пратив на фестивалот „Мобил фестивал“ во Скопје. Кога го видов мојот филм на проекција во кино, ми се случи таква возбуда и како да сфатив дека тоа е тоа што сакам да го работам. Потоа, почнав да снимам повеќе кратки филмови. Снимав по еден до два филма годишно. Сега кога ги гледам, воопшто не се добри, ама сметам дека тоа е патот што треба да се оди, за да стекнете искуство. Првите филмови скоро никогаш не се добри, рече Сарчевски.

Џифонци го проследија неговиот краток филм „Што крие дождот“, во кој тој користи автобиографски моменти, односно пренесува како се чувствува еден млад човек кога заминува од дома во странство. Филмот го снимил со буџет од 100 евра, колку што требало за да изнајми камера за два дена.

-Филмот зборува за моите први денови во Лондон, кога уште не познавав никого. На почетокот е тешко, ама човек брзо се навикнува. Бидете љубопитни, пробувајте работи и пред да студирате. Бидете активни, правете кратки приказни, колку повеќе се трудите, ќе бидете подобри секој нареден пат. Од мал сакав да го правам ова, снимав кратки видеа. И некако бев решен. Не можев да помислам што би правел друго. Јас сум веројатно многу среќен што рано осознав што сакам да бидам. Јас имам пријатели на факултетот кои, иако се веќе на академија, не сакаат да работат во областа на филмот, вели Сарчевски.

Мастер-клас одржа и Розе Симоновска, која како дел од програмата „Докуникулци“ на Фестивалот на креативни документарци „Македокс“. Симоновска зборуваше за својот филм „Низ објективот на копнежот“ посветен на актерството, на потрагата по себе и љубовта кон глумата. Таа студира режија.

-Ме интересира документаристиката во моментов повеќе, но сакам да учам, да истражувам. Одев во драмско студио, па дојде „Докуникулци“ и таа бура од настани почна да ме формира како личност. Секој што ќе излезе на сцена треба да се цени и почитува и не е важно дали е независен или државен театар, вели Симоновска.

Осмото издание на Џифони Македонија меѓународен филмски фестивал се одржува од 25 до 30 септември.

- https://opserver.mk/kultura/osnovachot-na-festivalot-dzhifoni-eksperiens-klaudio-gubitozi-kje-ja-raskazhe-svojata-prikazna-kako-se-rodi-najgolemiot-filmski-festival-za-deca-i-mladi/
- https://a1on.mk/culture/osnovachot-na-festivalot-dzhifoni-eksperiens-klaudio-gubitozi-kje-ja-raskazhe-svojata-prikazna-kako-se-rodi-najgolemiot-filmski-festival-za-deca-i-mladi/
- https://24info.mk/основачот-на-џифони-експериенс-кл/
- https://aktuelno.mk/основачот-на-фестивалот-џифони-експ/
- https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=371028

https://republika.mk/vesti/kultura/osnovachot-na-dzifoni-eksperiens-klaudio-gubitozi-kje-ja-raskaze-prikaznata-kako-se-rodi-najgolemiot-festival-za-mladi-i-deca-vo-svetot/



#КупувајтеМакедонскиПроизводи

## Основачот на „Џифони експериенс“, Клаудио Губитози ќе ја раскаже приказната како се роди најголемиот фестивал за млади и деца во светот

КУЛТУРА

На третиот фестивалски ден, младите вљубеници во филмот имаа можност да сведочат на искуството на Сергеј Сарчевски, студент во трета година на Факултетот за филм во Вестминстер, Лондон. Тој им сподели како го одбрал патот на филмската уметност, посочувајќи им на младите дека е важно да се осмелуваат.

**Почнав да снимам кратки смешни видеа на „Фејсбук“ и така ја открив љубовта кон филмот. Мојот прв филм го снимив со мобилен телефон и го пратив на фестивалот „Мобил фестивал“ во Скопје. Кога го видов мојот филм на проекција во кино, ми се случи таква возбуда и како да сфатив дека тоа е тоа што сакам да го работам. Потоа, почнав да снимам повеќе кратки филмови. Снимав по еден до два филма годишно. Сега кога ги гледам, воопшто не се добри, ама сметам дека тоа е патот што треба да се оди, за да стекнете искуство. Првите филмови скоро никогаш не се добри – рече Сарчевски.**

Џифонци го проследија неговиот краток филм „Што крие дождот“, во кој тој користи автобиографски моменти, односно пренесува како се чувствува еден млад човек кога заминува од дома во странство. Филмот го снимил со буџет од 100 евра, колку што требало за да изнајми камера за два дена.

**Филмот зборува за моите први денови во Лондон, кога уште не познавав никого. На почетокот е тешко, ама човек брзо се навикнува. Бидете љубопитни, пробувајте работи и пред да студирате. Бидете активни, правете кратки приказни, колку повеќе се трудите, ќе бидете подобри секој нареден пат. Од мал сакав да го правам ова, снимав кратки видеа. И некако бев решен. Не можев да помислам што би правел друго. Јас сум веројатно многу среќен што рано осознав што сакам да бидам. Јас имам пријатели на факултетот кои, иако се веќе на академија, не сакаат да работат во областа на филмот – вели Сарчевски.**

Мастер-клас одржа и Розе Симоновска, која како дел од програмата „Докуникулци“ на Фестивалот на креативни документарци „Македокс“. Симоновска зборуваше за својот филм „Низ објективот на копнежот“ посветен на актерството, на потрагата по себе и љубовта кон глумата. Таа студира режија.

**Ме интересира документаристиката во моментов повеќе, но сакам да учам, да истражувам. Одев во драмско студио, па дојде „Докуникулци“ и таа бура од настани почна да ме формира како личност. Секој што ќе излезе на сцена треба да се цени и почитува и не е важно дали е независен или државен театар – вели Симоновска.**

На програмата денеска ќе биде мастер-клас на Клаудио Губитози, основач на „Џифони Експиренс“, кој ќе одржи говори на тема „50 години Џифони: приказна за успехот“. Тој ќе зборува за тоа како настанала идејата во мало гратче во јужна Италија да се роди најголемиот фестивал за деца и млади во светот.

Во 18 часот ќе се одржи мастер-клас на тема женски права. За сите мастер-класови е обезбеден пренос во живо на фејсбук-профилот на „Џифони Македонија“ и на дигиталната платформа youth.mk.

Во летното кино „Мирно лето“ на Кинотеката, во 19 часот ќе биде прикажан францускиот документарен филм „Адолесценти“.

https://www.youtube.com/watch?v=EtG-LE99ELY&




Урбан таг - Дарко Башески, Деа Тембо Крстевска 28.09.2020

https://www.stylist.mk/giffoni-den-3-sergej-sarchevski/



stylist.mk

КУЛТУРА

# Младиот режисер Сергеј Сарчевски со совет до џифонци: Снимајте кратки приказни, секоја наредна ќе биде подобра

Од stylist @StylistMKD · На септември 28, 2020



**Основачот на фестивалот „Џифони експериенс", Клаудио Губитози, денеска во 17 часот ќе ја раскаже својата приказна – како се роди најголемиот филмски фестивал за деца и млади во светот**

На третиот фестивалски ден, младите вљубеници во филмот имаа можност да сведочат на искуството на Сергеј Сарчевски, студент во трета година на Факултетот за филм во Вестминстер, Лондон. Тој им сподели како го одбрал патот на филмската уметност, посочувајќи им на младите дека е важно да се осмелуваат.

-Почнав да снимам кратки смешни видеа на „Фејсбук" и така ја открив љубовта кон филмот. Мојот прв филм го снимив со мобилен телефон и го пратив на фестивалот „Мобил фестивал" во Скопје. Кога го видов мојот филм на проекција во кино, ми се случи таква возбуда и како да сфатив дека тоа е тоа што сакам да го работам. Потоа, почнав да снимам повеќе кратки филмови. Снимав по еден до два филма годишно. Сега кога ги гледам, воопшто не се добри, ама сметам дека тоа е патот што треба да се оди, за да стекнете искуство. Првите филмови скоро никогаш не се добри – рече Сарчевски.




Џифонци го проследија неговиот краток филм „Што крие дождот", во кој тој користи автобиографски моменти, односно пренесува како се чувствува еден млад човек кога заминува од дома во странство. Филмот го снимил со буџет од 100 евра, колку што требало за да изнајми камера за два дена.

-Филмот зборува за моите први денови во Лондон, кога уште не познавав никого. На почетокот е тешко, ама човек брзо се навикнува. Бидете љубопитни, пробувајте работи и пред да студирате. Бидете активни, правете кратки приказни, колку повеќе се трудите, ќе бидете подобри секој нареден пат. Од мал сакав да го правам ова, снимав кратки видеа. И некако бев решен. Не можев да помислам што би правел друго. Јас сум веројатно многу среќен што рано осознав што сакам да бидам. Јас имам пријатели на факултетот кои, иако се веќе на академија, не сакаат да работат во областа на филмот – вели Сарчевски.




Мастер-клас одржа и Розе Симоновска, која како дел од програмата „Докуникулци" на Фестивалот на креативни документарци „Македокс". Симоновска зборуваше за својот филм „Низ објективот на копнежот" посветен на актерството, на потрагата по себе и љубовта кон глумата. Таа студира режија.

-Ме интересира документаристиката во моментов повеќе, но сакам да учам, да истражувам. Одев во драмско студио, па дојде „Докуникулци" и таа бура од настани почна да ме формира како личност. Секој што ќе излезе на сцена треба да се цени и почитува и не е важно дали е независен или државен театар – вели Симоновска.




На програмата денеска ќе биде мастер-клас на Клаудио Губитози, основач на „Џифони Експиренс", кој ќе одржи говори на тема „50 години Џифони: приказна за успехот". Тој ќе зборува за тоа како настанала идејата во мало гратче во јужна Италија да се роди најголемиот фестивал за деца и млади во светот.

Во 18 часот ќе се одржи мастер-клас на тема женски права. За сите мастер-класови е обезбеден пренос во живо на фејсбук-профилот на „Џифони Македонија" и на дигиталната платформа youth.mk.

Во летното кино „Мирно лето" на Кинотеката, во 19 часот ќе биде прикажан францускиот документарен филм „Адолесценти".

- https://www.radiomof.mk/mladiot-rezhiser-sergej-sarchevski-so-sovet-na-dzhifoni-snimajte-kratki-prikazni-sekoja-naredna-kje-bide-podobra/
- https://www.kulart.mk/featured/osnovacot-na-festivalot-gifoni-experinece-klaudio-gubitozi-deneska-vo-17-casot-onlajn/

**29.09.**

https://www.radiomof.mk/klaudio-gubitozi-na-dzhifoni-imate-sloboda-da-bidete-ona-shto-ste/



Радио МОФ

ПРОГРАМА ВИДЕО ЕМИСИИ ПОДКАСТИ #ИНФОДЕМИЈА АКТИВИ

СЕ НАОЃАТЕ НА: Дома » #млади » Клаудио Губитози: На „Џифони“ имате слобода да бидете она што сте

## Клаудио Губитози: На „Џифони“ имате слобода да бидете она што сте

29/09/2020 - 13:25 #МЛАДИ, ВЕСТИ, КУЛТУРА

„Имав 17 години кога почнав да размислував што сакам да правам, на 18 почнав да ставам сè на едно место, а на 19 години веќе го организирав првото издание на „Џифони Италија“. Вака **Клаудио Губитози**, извршен директор и основач на Џифони филм фестивал го започна своето предавање со џифонците од Македонија. Тој се осврна на 50-те години посветеност кон доближување на вистински вредности на децата, преку филмската уметност.

„Кога имате 17 години, имате огромни очекувања и честопати очекувањата ги надминуваат сите логики. Од почетокот бев поврзан со идејата за фестивал за деца и да, многу сум горд на тоа што го создадов, но секогаш сум по малку незадоволен, бидејќи секогаш може да се направи повеќе. Имаме 50 години искуство, но живееме во сегашноста и мораме да размислуваме за иднината“, рече тој.

На прашањето зошто е важен „Џифони“, тој вели:

„На „Џифони“ имате слобода да бидете она што сте. Доаѓаат деца од 55 земји од целиот свет, но на беџовите не пишува од која националност се децата, туку само името, бидејќи не ве прашуваме од каде доаѓате, туку што сакате да бидете. Децата доаѓаат на Џифони бидејќи тука можат слободно да ги изразат своите мислења, да бидат слушнати, да израснат и да ги развијат своите емоции. Тука се зборува и се размислува на многу теми од животот, не можеме сите да ги наброиме, но сите тие ве поттикнуваат да размислувате.

Има деца што велат дека биле многу срамежливи кога дошле прв пат, па им било срам да зборуваат, но по првите јавни настапи тоа се менува. Џифони е место каде што се раѓа мислата, место каде што можете подобро да ги осознете, или да ги препознаете вашиот идентитет и вашата личност.“

На прашањето дали се плаши дали сè ќе биде во ред додека трае фестивалот, а и дури се организира, Губитози одговори:

„Секогаш ми е страв. Никогаш не се случило да не ми е страв. И по многу години, јас сум секогаш исплашен и пред, и за време, и по завршениот настан, зашто носам голема одговорност. Но, стравот нè движи напред. Држам предавања и на факултети и секогаш се подготвувам за тоа. „Џифони“ се роди од една интуиција, која ете, случајно, ми се појави токму мене. Ја почувствував и решив да ја следам и оттогаш не сум ја напуштил. Треба да ги препознаете добрите идеи: идејата може да се појави, да стои во вас неколку дена, или неколку месеци, а потоа да ве напушти. Ако интуицијата ви вели дека идејата е добра, не чекајте, почнете да работите на нејзино остварување и со тек на време таа ќе ја добие својата форма.“

Вчера се одржа и дискусија на тема женски права, откако беше прикажана епизода од француската серија „Бестрашни“.

Данскиот филм „Хакер“ во режија на Пол Берг, синхронизиран на македонски јазик ќе биде премиерно прикажан вечерва во 19 часот во летното кино „Мирно лето“ во Кинотеката.

Гласовите ги позајмуваат: Стефонатор, Гораст Цветковски, Кристина Христова-Николова, а за синхронизацијата се погрижи „Катавеј“ од Скопје.

Во 18 часот, на дигиталната платформа youth.mk и на фејсбук-страницата на фестивалот, обожавателите на јутјуберот Стефонатор ќе можат да се дружат со него на работилницата што се организира по повод премиерата на филмот „Хакер“, во кој познатиот јутјубер го позајмува гласот на главниот лик.

На дискусијата во 16 часот, Кадетите ќе имаат можност да поразговараат со Лаура Жоу, режисер на филмот „Животот без Сара Амат“.

Учесниците на „Џифони Македонија“ денеска во 17 часот преку платформата youth.mk ќе можат да се сретнат со Ана Андонова, авторка на краткиот филм „Малечка“.

- https://ekran.mk/2020/09/29/клаудио-губитози-на-џифони-не-е-важ/

https://24info.mk/основачот-на-џифони-губитози-важн/



ИНДИВИДУАЛНО
Инвестирајте во сигурна

Сите онлајн плаќања кон Триглав
направи ги од дома.

# Клаудио Губитози: На „Џифони“ не е важно од каде сте, туку што сакате да бидете

Имав 17 години кога почнав да размислувам што сакам да правам, на 18 почнав да ставам сè на едно место, а на 19 години веќе го организирав првото издание на „Џифони Италија“. Кога имате 17 години, имате огромни очекувања и честопати очекувањата ги надминуваат сите логики. Од почетокот бев поврзан со идејата за фестивал за деца и да, многу сум горд на тоа што го создадов, но секогаш сум по малку незадоволен, бидејќи секогаш може да се направи повеќе. Имаме 50 години искуство, но живееме во сегашноста и мораме да размислуваме за иднината.





Вака Клаудио Губитози, извршен директор и основач на Џифони филм фестивал, го почна своето предавање со „џифонците“ од Македонија. Тој се осврна на 50-те години посветеност кон доближување на вистински вредности на децата, преку филмската уметност.

Македонските „џифонци“ покажаа голем интерес да му постават прашање на Губитози, а тој покажа голема почит кон секој од нив.

-На „Џифони“ имате слобода да бидете она што сте. Доаѓаат деца од 55 земји од целиот свет, но на беџовите не пишува од која националност се децата, туку само името, бидејќи не ве прашуваме од каде доаѓате, туку што сакате да бидете. Децата доаѓаат на Џифони бидејќи тука можат слободно да ги изразат своите мислења, да бидат слушнати, да израснат и да ги развијат своите емоции. Тука се зборува и се размислува на многу теми од животот, не можеме сите да ги наброиме, но сите тие ве поттикнуваат да размислувате, рече основачот на фестивалот.

Според него, треба да се препознаат добрите идеи.

„Идејата може да се појави, да стои во вас неколку дена или неколку месеци, а потоа да ве напушти. Ако интуицијата ви вели дека идејата е добра, не чекајте, почнете да работите на нејзино остварување и со тек на време таа ќе ја добие својата форма“, истакна Губитози.

Вчера се одржа и дискусија на тема женски права, откако беше прикажана епизода од француската серија „Бестрашни“.

Данскиот филм „Хакер“ во режија на Пол Берг, синхронизиран на македонски јазик ќе биде премиерно прикажан вечерва во 19 часот во летното кино „Мирно лето“ во Кинотеката. Гласовите ги позајмуваат: Стефонатор, Гораст Цветковски, Кристина Христова-Николова, а за синхронизацијата се погрижи „Катавеј“ од Скопје. Во 18 часот, на дигиталната платформа youth.mk и на фејсбук-страницата на фестивалот, обожавателите на јутјуберот Стефонатор ќе можат да се дружат со него на работилницата што се организира по повод премиерата на филмот „Хакер“, во кој познатиот јутјубер го позајмува гласот на главниот лик.

На дискусијата во 16 часот, кадетите ќе имаат можност да поразговараат со Лаура Жоу, режисер на филмот „Животот без Сара Амат“.

Учесниците на „Џифони Македонија“ денеска во 17 часот преку платформата youth.mk ќе можат да се сретнат со Ана Андонова, авторка на краткиот филм „Малечка“.

ТЕАТАР И ФИЛМ
И четвртата сезона на „Преспав“ на бугарска...
„Театар комедија“ со најдобра претстава на ...
„Врба“ на Московскиот филмски фестивал
Од утре Патувачко кино на Македокс по скопските...
МНТ со претстава „Говорна мана“ во чест на...
Монографијата за „Браќа Манаки“ сè уште без...

ОБЈАВЕНО НА
29 септември 2020 - 20:43

- https://www.mkd.mk/kultura/teatar-i-film/klaudio-gubitozi-na-dzhifoni-ne-e-vazhno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da
- https://www.kulart.mk/featured/giffoni-makedonja-2020-na-giffoni-ne-e-vazno-od-kade-situku-koja-e-tvojata-cel/

https://republika.mk/vesti/kultura/klaudio-gubitozi-na-dzifoni-ne-e-vazno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da-bidete/




# Клаудио Губитози: На „Џифони“ не е важно од каде сте, туку што сакате да бидете

КУЛТУРА 29.09.2020 / 14:49

> Имав 17 години кога почнав да размислувам што сакам да правам, на 18 почнав да ставам сè на едно место, а на 19 години веќе го организирав првото издание на „Џифони Италија“. Кога имате 17 години, имате огромни очекувања и честопати очекувањата ги надминуваат сите логики. Од почетокот бев поврзан со идејата за фестивал за деца и да, многу сум горд на тоа што го создадов, но секогаш сум по малку незадоволен, бидејќи секогаш може да се направи повеќе. Имаме 50 години искуство, но живееме во сегашноста и мораме да размислуваме за иднината – вака Клаудио Губитози, извршен директор и основач на Џифони филм фестивал го започна своето предавање со џифонците од Македонија.

Тој се осврна на 50-те години посветеност кон доближување на вистински вредности на децата, преку филмската уметност.

Македонските џифонци покажаа голем интерес да му постават прашање на Губитози, кој покажа голема почит кон секој од нив. На прашањето зошто е важен „Џифони“, тој вели:

> На „Џифони“ имате слобода да бидете она што сте. Доаѓаат деца од 55 земји од целиот свет, но на беџовите не пишува од која националност се децата, туку само името, бидејќи не ве прашуваме од каде доаѓате, туку што сакате да бидете. Децата доаѓаат на Џифони бидејќи тука можат слободно да ги изразат своите мислења, да бидат слушнати, да израснат и да ги развијат своите емоции. Тука се зборува и се размислува на многу теми од животот, не можеме сите да ги наброиме, но сите тие ве поттикнуваат да размислувате. Има деца што велат дека биле многу срамежливи кога дошле прв пат, па им било срам да зборуваат, но по првите јавни настапи тоа се менува. Џифони е место каде што се раѓа мислата, место каде што можете подобро да ги осознете, или да ги препознаете вашиот идентитет и вашата личност. – вели Губитози.

На прашањето дали се плаши дали сè ќе биде во ред додека трае фестивалот, а и дури се организира, Губитози одговори:

> Секогаш ми е страв. Никогаш не се случило да не ми е страв. И по многу години, јас сум секогаш исплашен и пред, и за време, и по завршениот настан, зашто носам голема одговорност. Но, стравот нè движи напред. Држам предавања и на факултети и секогаш се подготвувам за тоа. „Џифони“ се роди од една интуиција, која ете, случајно, ми се појави токму мене. Ја почувствував и решив да ја следам и оттогаш не сум ја напуштил. Треба да ги препознаете добрите идеи: идејата може да се појави, да стои во вас неколку дена, или неколку месеци, а потоа да ве напушти. Ако интуицијата ви вели дека идејата е добра, не чекајте, почнете да работите на нејзино остварување и со тек на време таа ќе ја добие својата форма – рече Губитози.

Вчера се одржа и дискусија на тема женски права, откако беше прикажана епизода од француската серија „Бестрашни“.

Данскиот филм „Хакер“ во режија на Пол Берг, синхронизиран на македонски јазик ќе биде премиерно прикажан вечерва во 19 часот во летното кино „Мирно лето“ во Кинотеката. Гласовите ги позајмуваат: Стефонатор, Гораст Цветковски, Кристина Христова-Николова, а за синхронизацијата се погрижи „Катавеј“ од Скопје. Во 18 часот, на дигиталната платформа youth.mk и на фејсбук-страницата на фестивалот, обожавателите на јутјуберот Стефонатор ќе можат да се дружат со него на работилницата што се организира по повод премиерата на филмот „Хакер“, во кој познатиот јутјубер го позајмува гласот на главниот лик.

На дискусијата во 16 часот, Кадетите ќе имаат можност да поразговараат со Лаура Жоу, режисер на филмот „Животот без Сара Амат“.

Учесниците на „Џифони Македонија“ денеска во 17 часот преку платформата youth.mk ќе можат да се сретнат со Ана Андонова, авторка на краткиот филм „Малечка“.

- https://opserver.mk/kultura/klaudio-gubitozi-na-dzhifoni-ne-e-vazhno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da-bidete/
- https://opserver.mk/kultura/osnovachot-na-dzhifoni-gubitozi-vazhno-e-da-ja-sledite-vashata-intuicija/
- https://www.stylist.mk/claudio-gubitosi-giffoni/
- https://libertas.mk/klaudio-gubitozi-na-ifoni-ne-e-vazhno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da-bidete/
- https://a1on.mk/culture/klaudio-gubitozi-na-dzhifoni-ne-e-vazhno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da-bidete/
- https://www.popularno.mk/scena/nastani/osnovacot-na-dzifoni-gubitozi-vazno-e-da-ja-sledite-vashata-intuicija
- https://mia.mk/klaudio-gubitozi-na-ifoni-ne-e-vazhno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da-bidete/
- https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=371249
- https://vecer.mk/node/527684
- https://utrinskivesnik.mk/основачот-на-џифони-губитози-важн/

https://www.slobodenpecat.mk/klaudio-gubitozi-na-dhifoni-ne-e-vazhno-od-kade-ste-tuku-shto-sakate-da-bidete/



**Клаудио Губитози: На „Џифони“ не е важно од каде сте, туку што сакате да бидете**

од СП. 29/09/2020 - 14:59 0

СПОДЕЛИ 0

Имав 17 години кога почнав да размислував што сакам да правам, на 18 почнав да ставам сè на едно место, а на 19 години веќе го организирав првото издание на „Џифони Италија".Кога имате 17 години, имате огромни очекувања и честопати очекувањата ги надминуваат сите логики. Од почетокот бев поврзан со идејата за фестивал за деца и да, многу сум горд на тоа што го создадов, но секогаш сум по малку незадоволен, бидејќи секогаш може да се направи повеќе. Имаме 50 години искуство, но живееме во сегашноста и мораме да размислуваме за иднината – **вака Клаудио Губитози, извршен директор и основач на Џифони филм фестивал го започна своето предавање со џифонците од Македонија. Тој се осврна на 50-те години посветеност кон доближување на вистински вредности на децата, преку филмската уметност.**

Македонските џифонци покажаа голем интерес да му постават прашање на Губитози, кој покажа голема почит кон секој од нив. **На прашањето зошто е важен „Џифони", тој вели:**

Прочитајте и... Казнети 983 лица кои не носеле маска

– На „Џифони" имате слобода да бидете она што сте. Доаѓаат деца од 55 земји од целиот свет, но на беџовите не пишува од која националност се децата, туку само името, бидејќи не ве прашуваме од каде доаѓате, туку што сакате да бидете. Децата доаѓаат на Џифони бидејќи тука можат слободно да ги изразат своите мислења, да бидат слушнати, да израснат и да ги развијат своите емоции. Тука се зборува и се размислува на многу теми од животот, не можеме сите да ги наброиме, но сите тие ве поттикнуваат да размислувате.



Има деца што велат дека биле многу срамежливи кога дошле прв пат, па им било срам да зборуваат, но по првите јавни настапи тоа се менува. Џифони е место каде што се раѓа мислата, место каде што можете подобро да ги осознете, или да ги препознаете вашиот идентитет и вашата личност. **– вели Губитози.**

**На прашањето дали се плаши дали сè ќе биде во ред додека трае фестивалот, а и дури се организира, Губитози одговори:**

Прочитајте и... Германија го надмина прагот од 10.000 починати од коронавирус

– Секогаш ми е страв. Никогаш не се случило да не ми е страв. И по многу години, јас сум секогаш исплашен и пред, и за време, и по завршениот настан, зашто носам голема одговорност. Но, стравот нè движи напред. Држам предавања и на факултети и секогаш се подготвувам за тоа. „Џифони" се роди од една интуиција, која ете, случајно, ми се појави токму мене. Ја почувствував и решив да ја следам и оттогаш не сум ја напуштил. Треба да ги препознаете добрите идеи: идејата може да се појави, да стои во вас неколку дена, или неколку месеци, а потоа да ве напушти. Ако интуицијата ви вели дека идејата е добра, не чекајте, почнете да работите на нејзино остварување и со тек на време таа ќе ја добие својата форма – **рече Губитози.**

Прочитајте и... Филипче и одговори на опозицијата: Нема да поднесам оставка

**Вчера се одржа и дискусија на тема женски права, откако беше прикажана епизода од француската серија „Бестрашни".**

Данскиот филм **„Хакер"** во режија на Пол Берг, синхронизиран на македонски јазик ќе биде премиерно прикажан вечерва во 19 часот во летното кино „Мирно лето" во Кинотеката. Гласовите ги позајмуваат: Стефонатор, Гораст Цветковски, Кристина Христова-Николова, а за синхронизацијата се погрижи „Катавеј" од Скопје. Во 18 часот, на дигиталната платформа youth.mk и на фејсбук-страницата на фестивалот, обожавателите на јутјуберот Стефонатор ќе можат да се дружат со него на работилницата што се организира по повод премиерата на филмот „Хакер", во кој познатиот јутјубер го позајмува гласот на главниот лик.




На дискусијата во 16 часот, Кадетите ќе имаат можност да поразговараат со Лаура Жоу, режисер на филмот „Животот без Сара Амат".

**Учесниците на „Џифони Македонија" денеска во 17 часот преку платформата youth.mk ќе можат да се сретнат со Ана Андонова, авторка на краткиот филм „Малечка".**

https://www.giffonifilmfestival.it/en/news-giffoni-experience/item/4136-the-cure-of-ideas-the-giffoni-macedonia-jurors-are-the-recipient-of-gubitosi-s-tale-of-the-strength-of-thoughts-and-the-challenges-of-time.html



Tuesday, 29 September 2020 11:14

# The cure of ideas: the Giffoni Macedonia jurors are the recipient of Gubitosi's tale of the strength of thoughts and the challenges of time



*"The intuitions must be visualized, understood, transported to the real level and declined according to time. We must have the strength and the desire to destroy and rebuild. You need to travel, train, learn and then return to your own country to give back what you have been given"*. More than a masterclass, the director of **Giffoni Opportunity, Claudio Gubitosi**, gave his honest insight, eye to eye albeit through a webcam, to the jurors of **Giffoni Macedonia Youth Film Festival**.

The **eighth edition** of the event follows the path already undertaken by **#Giffoni50**: with a jury composed of over **200 children divided into three categories - juniors** (from 10 to 14 years), **cadets** (from 14 to 16 years) and **seniors** (from 16 to 19 years) – joined by Macedonian and foreign hubs. Following the webinar of director Gubitosi, in fact, together with the **15 Italian jurors present in Multimedia Valley**, were also **60 young people** called to represent the delegations of **Greece, Bulgaria, Turkey, Serbia, Romania, Croatia, Spain, Poland, Russia, Ukraine** and **Azerbaijan**.

The initiative is co-financed by the **National Cinema Agency of North Macedonia**, for **Italy by the Ministry of Cultural Heritage and Activities - Directorate General for Cinema and Audiovisual**, by the **Macedonian Department of Culture**, supported by the **Embassy of Italy in Skopje** and organized by **Giffoni Opportunity** together with the **Planet M**.

"*An idea cannot be a game but an expression of one's personality* - continues Gubitosi - *I have given 50 years of my life to this intuition and, in return, I have received much satisfaction. I was more or less 17 when I organized the first edition of the festival. At that age the expectations are gigantic: you go beyond any kind of logic. I wanted to do something important that I liked first of all and, today, I am proud even if not yet satisfied. This year Giffoni celebrates 50 years but there is still a lot to do: our history is the past, what we are building instead is the present and the future of the idea*".

**Iskra**, **Milena**, **Bisarha**, **Sofia** and **Jubiza** are just some of the jurors who took part, highlighting curiosity, reflections and telling their experience in Giffoni. And someone also took the opportunity to ask for advice on how to achieve success.

"*I did not study Giffoni, it was born over time and has developed edition after edition* - he replies - *hundreds of thousands of young people have found, in this small town, the place to get to know each other, appreciate the beauty of different cultures, true friendships., the strength of acceptance and diversity, express oneself freely, be listened to, be able to interact with everyone without distinction. Oscar and Nobel prizes, politicians, scientists, writers, poets, authorities of all levels: here children have the opportunity to meet those beautiful people who can, even with just a word, open new horizons*".

And then the advice: "*To achieve success you need to have clear ideas. Organization is a science, nothing is by chance. The construction of a project is a complicated thing and for which you need passion and desire to grow. This is not to say not to feel fear. Giffoni is part of my life, if make mistakes I destroy the identity of an idea that is loved and known all over the world. If I lose sight of objectives and strategies, I put the economy of the whole area in crisis, of my region which has the leadership in the world in this sector and also of those who work with me. Fear is part of the human race, woe to those who feel strong. You can imagine how many meetings I have held in all the universities of the world: every time I prepare my notes, study, analyze, write, then I almost never read them. Fear is a protection: it is that force that pushes us to balance equals and opposites*".

And to those who ask him what prompted him to give life to Giffoni he replies: "*It is a mystery, an unsolved question in my life. George Washington University took me under pressure for two years to understand the origin of Giffoni, even today there is no answer. To understand what has happened to me, you have to leave aside the world of dreams and enter another: that of intuitions. At the time, a provincial boy who had great ambitions to grow and travel could only do so with his imagination, with cinema. Insights can come to everyone, they must be accepted and understood. There is no calendar of ideas, you have to be good at understanding the time where something was born within you*".

The closing ceremony of **Giffoni Macedonia is scheduled for tomorrow**, Wednesday 30 September, when the winning films will be announced and the works made by the young people during the creative workshops will be presented.

Share 0 Tweet Pin it

Image Gallery









Магазин | Култура

# Филмскиот фестивал Џифони се одржува под посебен протокол

Автор: Деск | 29/09/2020 08:33

Share












Гости во вчерашната емисија „Урбан таг“ на ТВ21 беа извршниот директор на фестивалот Дарко Башески и програмскиот директор Деа Тембо Крстевска.






Инаку, 8 филмски фестивал за млади „Џифони Македонија“ започна на 25 и ќе трае до 30 септември.






Овој пат тој се одржува под посебен протокол поради настанатата ситуација со коронавирусот.





## НАШ ПРЕДЛОГ

Македонија | 24/10/2020 20:01
**Амди Бајрам имал позитивен тест на коронавирус, епидемиолозите ќе прават анкети на присутните на свадбата во Турција**

Македонија | 24/10/2020 19:35
**Лабораториите работат со полн капацитет, за тестирање во јавно здравство се чека, во приватните термини има**

Македонија | 24/10/2020 19:24
**Живот на брачна двојка во болест и сиромаштија, никогаш не успеаја да се израдуваат на свој пород**


**Филипче: Амди Бајрам имаше комплексна здравствена состојба**


**Нови осум случаи на Ковид-19 во Тиквешко, во изолација две вработени и 13 деца од градинка во Неготино**


**Албански државјанин со фалсификувана грчка лична карта приведен на скопскиот аеродром**


**Филипче: Се надевам дека ќе нема потреба да носиме пациенти во странство, но се подготвуваме и за такво сценарио**

**Трамп: Гласав за „типот

**30.09.**

https://mia.mk/giffoni-macedonia-youth-film-festival-to-award-best-works-at-closing-ceremony/?lang=en


МИА

HOME MKD WORLD BUSINESS ARTS CRIME SPORT PHOTO VIDEO TICKER CONTACT US ELECTIONS

Arts Society

# Giffoni Macedonia Youth Film Festival to award best works at closing ceremony

The 8th Giffoni Macedonia Youth Film Festival closes Wednesday evening with a ceremony at Cinematheque's open-air movie theater to award this year's most active participants.

Photo of Bisera Altiparmakova Bisera Altiparmakova · 30 September 2020 16:30




STUDY IN THE UK
WHERE IDEAS COME ALIVE
3 SEP - 3 NOV
www.chevening.org


LATEST POSTS

- https://ekran.mk/2020/09/30/најдобрите-филмови-и-креациите-на-џиф/
- https://pressingtv.mk/magazin/vecherva-zavrshuva-osmoto-izdanie-na-filmskiot-festival-za-mladi-dzifoni-makedonija/
- https://vesnik.com/node/150563
- https://makfax.com.mk/kultura/затворање-на-филмскиот-фестивал-за-мл/
- https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=371477

https://www.youtube.com/watch?v=GznhLYXwGqU




http://www.olttv.ro/olt-tv-new/cultura/2020/09/30/liceenii-slatineni--in-juriul-giffoni-macedonia




**Liceenii slătineni, în juriul Giffoni Macedonia**

Cultura 30.09.2020

Share pe Facebook Share pe Google+ Share pe Twitter

Autor articol: Mirela Vârșă Vizualizari: 197

Trei liceeni slătineni au jurizat filmele înscrise în festivalul internațional de film Giffoni Macedonia. Chiar dacă ediția din acest an s-a desfășurat online, tinerii au trăit la maximum experiența cunoscutului eveniment cultural.

Giffoni Macedonia face parte din cel mai mare eveniment cultural pentru tineri din lume, Giffoni Experience. Adriana, Clara și Rareș sunt cei trei liceeni slătineni care reprezintă România la cea de-a opta ediție a cunoscutului festival internațional de film.
Din cauza pandemiei de coronavirus, festivalul de film s-a desfășurat online. Chiar și așa, tinerii au avut posibilitatea de a participa la diferite ateliere de lucru.
La ediția din acest an, organizatorii festivalului au creat o secțiune specială, în care tinerii români și cei macedoneni au avut de realizat un film cu tema „Asemănări și diferențe între România și Macedonia".
Festivalul Giffoni Macedonia s-a desfășurat în perioada 25-30 septembrie. La ediția din acest an au participat echipe de tineri jurați din Italia, Rusia, Ucraina, Grecia, Croația, Bulgaria, Polonia, Macedonia și România.

LICEENII SLATINENI IN JURIUL GIFFONI MAC...
Copy link

https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=371477



## ЗАВРШУВА 8.ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА МЛАДИ „ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА“




Со доделување награди за најактивните учесници, вечер во летното кино „Мирно лето“ во Кинотека ќе заврши 8.Филмски фестивал на млади „Џифони Македонија“. На церемонијата ќе биде прикажано и дел од она што го сработија учесниците од 13-те земји во изминатите шест дена.

Главната награда ќе биде патување за најдобрите учесници на „Џифони Италија“ 2021 година. Џифонци кои го сочинуваат жирито на фестивалот гласаа за најдобар игран филм во три категории, за најдобар краток филм во две категории, како и за анимиран филм и за најдобар краток филм од млади автори – ученици или студенти.

Многу филмови, разговори, уметност и креативност оставија зад себе 300-те учесници на 8. „Џифони Македонија“.

Најголемиот дел од програмата наменета за младите учесници се одвиваше онлајн, а во вечерните часови беа организирани пет филмски проекции во живо. Официјалната филмска програмата наменета на учесниците вклучуваше 12 долгометражни играни филмови кои се натпреваруваа во три категории, според возраста на младите учесници – членови на жирито: јуниори (од 6. до 9. одделение), кадети (1 и 2 година средно) и сениори (3 и 4 година средно).

На фестивалот учествуваа ученици од 11 до 19 години кои се дружеа со помош на новата младинска дигитална платформа youth.mk, на која беа поставени сите фестивалски содржини. Создавањето на новата младинска дигитална платформа беше овозможено со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Платформата овозможи фестивалот, со сите негови разновидни и интерактивни активности да се одржи онлајн, а по завршувањето на фестивалот, платформата ќе им биде наменета на младите љубители на филмската уметност и ќе биде место каде што ќе се објавуваат аудио-визулени креации на младите македонски и странски автори. Оваа идеја произлегува од сознанието дека бројни сегашни и поранешни учесници на „Џифони Македонија“ активно работат на создавање на аудио-визуелни содржини: анимирани и кратки филмови, долгометражни филмови, па дури и серии. Целта на „Џифони Македонија“ е да им понуди место каде ќе можат сите тие содржини да ги споделуваат со своите врсници и со пошироката публика.

На фестивалот учествуваа 50 странски учесници кои програмата ја следеа од своите домови. Дел од нив – петнаесеттемина учесници од Италија, ја следеа програмата од киносала во нивниот град Џифони. Тие беа вклучени во програмата „Виртуелна гостопримливост“ и секој гостин од странство имаше по еден свој домаќин меѓу македонските учесници.

Во петте дена беа организирани осум креативни работилници, како и една еднодневна за готвење.

На џифонци им се обрати и Клаудио Губитози, основач и извршен директор на фестивалот „Џифони Италија“, кој годинава одбележува 50 години од основањето.

На последниот ден од програмата, мастер-класови одржаа јутјуберот Стефонатор и режисерката Ана Андовска, која го претстави нејзиниот филм „Малечка“. Стефонатор го позајми гласот на главниот лик во данскиот филм „Хакер“. Филмот, за чија синхронизација се погрижи „Катевеј“, беше прикажан синоќа, а од 1 октомври ќе биде во редовна кинодистрибуција. Андонова ја третираше темата на малолетни бракови и предизвика голем интерес за дискусија кај учесниците на фестивалот.

Мастер-класови одржаа и: Леон Ристов, Сергеј Сарчевски и Мартин Чичовски.

